РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3770/3
23-12-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 57-та седница одржана на ден 17.12.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-3770/1 од 08.10.2021 година, со наводи за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од познат подносител, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат.

Предметот со број 12-3770/1 од 08.10.2021 да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 08.10.2021 година, поднесена е пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес на Локалните избори 2021 година и оформен е предмет број 12-3770/1 од 08.10.2021 година.

Подносителот на пријавата наведува дека е вработена во ---------------------------------------------------------------------------, Скопје. Во пријавата првично се наведува дека истата се однесува на решение од 22.10.2020 година со кое подносителот се распоредува на тековното работно место. Додека, во продолжение се наведува дека пријавата се поднесува поради дисциплинска постапка која се водела против подносителот, спротивно на Решението за распишување на избори за членови на советите на општините и советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и градоначалник на Град Скопје од 06.08.2021 година, бидејќи согласно ова, според подносителот, сите постапки за вработување, унапредување, дисциплински постапки, јавни набавки итн. се ставаат во мирување и не треба да се носат одлуки во врска со истото. Подносителот се повикува на член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик, кој гласи „да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи" и Член 8-б кој гласи „Забрането е вршење и обид за вршење пристисок и заплашување на гласачи или членови на нивните семејства или ним блиски лица" и во врска со член 74 од истиот закон смета дека нејзините права како граѓанин се повредени на начин што и покрај укажувањата дисциплинската постапка е спроведена, а со тоа кај

подносителот е создадено чувство на правна несигурност и страв дека би можела да го изгуби работниот однос како форма на притисок за тековниот изборен процес.

Дополнително, во пријавата се наведува дека ваквиот континуиран притисок спрема подносителот трае подолг период што довело до нарушување на нејзината здравствена состојба, поради што е донесено решение за намалена деловна способност и работно време од 4 часа. Подносителот бара од Државната комисија да спроведе соодветна постапка согласно своите овластувања и да ѝ укаже на дисциплинската комисија и на работодавачот да ја запрат постапката и доколку е донесен било каков акт во врска со оваа постапка, истиот да се поништи.

При разгледување на наводите содржани во пријавата, Државната комисија констатира дека во конкретниот случај со посочената дисциплинска постапка не се работи за „започнување постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции" на што се однесува законската забрана од Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Оттаму, се констатира дека во конкретниот случај не е постапено спротивно на член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси според кои: „Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи."

Оттаму, ДКСК оцени дека не се потврдуваат наводите од пријавата и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: Н.Б., Член на ДКСК

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**